# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1966 21 JUNE 2024 FREE



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


### МИЦКОСКИ ГО ЧЕКА ПОНЕДЕЛНИК ЗА ОФИЦИЈАЛНО ДА СЕДНЕ ВО ПРЕМИЕРСКОТО СТОЛЧЕ:

# ЗАКЛЕТВАТА КАКО ПРЕМИЕР ЌЕ ЈА НАПРАВАМ СО УСТАВНОТО ИМЕ



# КИНА И ПОНУДИ ПАНДИ НА АВСТРАЛИЈА ВО ОБИД ДА СЕ ЗАЈАКНЕ СОРАБОТКАТА



**СПОРЕД СТАРАТА МАКЕДОНСКА ПОСЛОВИЦА**

# Да се има противпожарни авиони, ама да си стојат на писта



**Од ЦУК веќе информираа дека воопшто не ги планираат „ер тракторите“ да се вклучат во гаснењето пожари оваа сезона. Ќе се користат само четири хеликоптера: три на МВР и еден на АРМ кои имаат ведра за вода со различен капацитет.**

**И од „Македонски шуми“ пријавија дека немаат пари ниту за опскрбување на возилата со гориво, а камо ли да излезат и да можат да интервенираат.**

**Така претстојнава сезона шумските пожари ќе остане да ги гасат само противпожарните единици и Армијата**

Македонија поседува три противпожарни авиони од шпанскиот „Ер трактор“ и во мигов употреблив е само еден. Двата други се на редовен сервис во Хрватска и се враќаат до крајот на месецов. На третиот во јули му истекува лиценцата па и тој треба да оди на сервисирање.

Оваа сезона се очекува голем број на пожари на отворено но друг проблем сега е тоа што Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) има само еден пилот. А и тој прашање е дали ќе остане по 1 јули бидејќи платата му е половина од онаа што ја добиваат пилотите во МВР и во АРМ.

Станува збор за специфичен и дефицитарен пилотски кадар кој недостасува секаде во светот. Се бараат професионални пилоти со одреден број на часови на летање кои потоа одат на неколкумесечна обука за „ер трактори“.

На ДЗС реално и се потребни минимум 6 пилоти, па затоа на последниот конкурс биле примени 4 пилоти, но двајца не ја минале обуката. И од тие двајца преостанати лани едниот замина во пензија!? Постои една надеж дека новата Влада ќе ги реактивира двајцата пилоти на „ер-трактори“ што последни заминале во пензија.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

Access over 60 lenders in one place
Loan Market™ Bundoora
COMMERCIAL LOANS
RESIDENTIAL LOANS
INVESTMENT LOANS
DEVELOPMENT LOANS
BUSINESS LOANS
REFINANCING
Stefan Belevski
0400 101 292
stefan.belevski@loanmarket.com.au
Jim Belevski
0419 547 347
jim.belevski@loanmarket.com.au
9467 8887
Suite 1, 20 Enterprise Drive, Bundoora Vic 3083





# Торжествен дочек на иконата на св. Спасе во Вевчани

Во Вевчани торжествено беше дочекана иконата на новиот сеправославен и македонски нов светител, светиот Спасе Вевчански заедно со неговата сестра светата Спаса Вишенска. Како што посочуваат од храмот „Св. Никола“ од Вевчани, св. Спасе Вевчански живеел и се подвизувал на Бога во манастирот „Св. Спас Горни“ во Вевчани, кој е посветен на Вознесението Христово - Спасовден.

Иконите ги донесоа и со литургијата началствуваа парохискиот свештеник во Вевчани, отец Ромео Петрески и свештеникот од храм „Св. Ѓорѓија“ од Струга, отец Христијан Костоски.Беа пречекани со биење на камбаните, со посипување цвеќе од вевчански девојки во народни носии и многубројни верници од Вевчани и други градови.

- Голема е радоста што го дочекавме овој голем светол и историски чин, се радувам на вашите солзи радосници со кои се поклонувате пред светиве икони на нашиов свети Спасе Вевчански и на света Спаса Вишенска. Вакви моменти еднаш во животот човек може да ги доживее ако има среќа и затоа радувајте се! Денеска со нас овде се и нашите вевчански полуматуранти, им ја честитам полуматурата и им давам благослов за идно успешно школување и секој со својот дар од Бога да си продолжи до магистратури, докторати и до свои семејства за радост на своите фамилии и за полза на светата татковина – изјави на проповедта парохискиот свештеник отец Ромео Петрески.

По светата литургија за сите верници во дворот на црквата беше организирана закуска, дар од сите вевчански угостителски објекти.

LOVE & CO
LOVE REAL ESTATE
При продавање и купување на недвижности во северните предградија на Мелбурн: од Норткот до Витлси и Волерт, за да добиете најдобар резултат во секое време зборувајте со
ILIA MENKINOSKI
0417 528 100
ilia.m@lovere.com.au
Love Real Estate Thomastown
201 High Street, Thomastown
www.loverealestate.com.au 9465 2133



# МАКЕДОНИЈА НА 11 МЕСТО ВО НАТО СПОРЕД ПРОЦЕНТОТ ОД БДП НАМЕНЕТ ЗА ОДБРАНАТА




Македонија во државниот Буџет за 2024 година за потребите на одбраната има предвидено A$395 милиони, што претставува 2.22% од БДП на земјата, се посочува во најновиот извештај на НАТО за одбранбените трошоци на земјите членки.

Согласно дефинициите на НАТО, како трошоци за одбраната се сметаат исплатите направени од страна на националните влади за потребите на своите вооружени сили, на сојузниците или на Алијансата. Во расходите за одбрана, меѓу останатите, се вклучени и трошоците за други сили финансирани преку буџетите на други министерства, покрај оние од Министерството за одбрана, како и средствата директно исплатени од државата за пензии на воените лица и цивилите што биле вработени во воените структури, за мировни и хуманитарни операции, за уништување на оружје, опрема и муниција и за истражување и развој.

Според Извештајот, вкупно 23 од 32-те членки на НАТО во 2024 година го достигнале договореното ниво на трошоци за одбраната од два отсто од националниот БДП, што е повеќе од двојно во споредба со лани, кога оваа цел ја оствариле само 10 сојузници. Вкупните трошоци за одбраната на членките на НАТО за 2024 година се предвидени на ниво од A$1.75 трилиони, што претставува зголемување за 10.85% во споредба со лани.

Од вкупните трошоци на Македонија за одбраната:
- 43.9% се наменети за плати на воениот персонал,
- 29.3 % за набавка на опрема, истражување и развој,
- 23% за операции и одржување и други расходи и
- 3.8% за инфраструктура.

САД и Обединетото Кралство се двете членки на НАТО со номинално највисоки одбранбени трошоци за 2024 година од A$1.26 трилиони, односно A$112.5 милијарди долари, пред Германија со A$99 милијарди и Франција со A$82.5 милијарди. Најмалку средства во НАТО за одбраната пак ќе потрошат Црна Гора - A$160 милиони, Македонија - A$395, Албанија - A$463 милиони, Луксембург - A$939 милиони и Словенија - A$1.1 милијарда.

Буџетот на Австралија за одбрана минатава фискална година беше A$53 милијарди, а следнава ќе биде повеќе зашто планот е до 2034 да достигне A$100 милијарди на годишно ниво.

**Ранг-листа на членките на НАТО според одвојувањето од БДП за одбрана**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Полска | 4.12% | 17. Чешка | 2.10%, |
| 2. Естонија | 3.43% | 18. Турција | 2.09% |
| 3. САД | 3.38% | 19. Франција | 2.06% |
| 4. Летонија | 3.15% | 20. Холандија | 2.05% |
| 5. Грција | 3.08% | 21. Албанија | 2.03% |
| 6. Литванија | 2.85% | 22. Црна Гора | 2.02% |
| 7. Финска | 2.41% | 23. Словачка | 2% |
| 8. Данска | 2.37% | 24. Хрватска | 1.81% |
| 9. Обед. Кралство | 2.33% | 25. Португалија | 1.55% |
| 10. Романија | 2.25%. | 26. Италија | 1.49% |
| **11. Македонија** | **2.20%** | 27. Канада | 1.37% |
| 12. Норвешка | 2.20% | 28. Белгија | 1.30% |
| 13. Бугарија | 2.18% | 29. Луксембург | 1.29% |
| 14. Шведска | 2.14% | 30. Словенија | 1.29% |
| 15. Германија | 2.12% | 31. Шпанија | 1.28% |
| 16. Унгарија | 2.11% | | |


*Поглед на Дојранското Езеро од Беласица*

## Безбедни за капење се водите од сите три природни езера

Последните испитувања на водата од Дојранското Езеро од страна на Центарот за јавно здравје Велес покажаа дека е во одлична состојба и е безбедна за капење и рекреација на луѓето. Ова го објави градоначалникот на Дојран, Анго Ангов, повикувајќи се на добиените резултати од извештаите на здравствената установа.

Исто така и водите на Охридското Езеро беа проверени па резултатот покажа дека од Свети Наум до Калиште таа е од највисока, прва категорија. Се покажаа како неточни поекулациите дека колекторксиот систем е неефикасен и колоформни бактерии се слеваат во езерото.

Сосема безбедна за капење е и водата во Преспанското Езеро.

Инаку, во текот на летниот период неколку пати се земаат примероци од езерската вода за тестирање.



## КРОМИД ДА СЕ НЕМАЛО ДОМА: МАКЕДОНИЈА И НЕГО ГО УВЕЗУВА

**Народот веќе знае дека како што „беровскиот" компир што се продава по пазарите е всушност од Хрватска и Холандија, така „бучимскиот" кромид пристига од Србија а „тетовскиот" грав од Кина...**

Македонија лани потрошила A$6 милиони за увоз на кромид, лук и праз, што претставува зголемување од 90% во однос на 2022 година, покажуваат податоците на „Тренд економи". На македонските домаќинки им останаа солзите од цените на зелените пазари и по маркетите, оти во 2023 година, цената на кромидот во Македонија се зголеми за фрапантни 150 отсто!

Родот на кромид во земјата е многу лош веќе втора година поради дождовите кои паднаа во погрешно време, велат земјоделците. Ова руинираше огромни насади не само во Македонија, туку и низ цела Европа, а неминовно е да и поскапи на пазарот. Најголемиот дел од увозот на овој зеленчк е остварен од Србија (68%), Холандија (9.13%) и Албанија (7.4). На пазарите низ Македонија има лук и праз и од Франција, Кина, Италија и Турција.

Минатата година Македонија за увоз на храна потроши околу A$1.5 милијари, што е пораст од 88% во последните 10 години. Државата само 20% од храната и суровините во преработувачката индустрија ги произведува самата дома, а за 80 отсто е зависна од увоз. Дури и земјоделците кои што имаат поголеми површини и посериозен обем на земјоделски производи го намалуваат производството бидејќи нема кој да работи иако дневниците се движат од 2.500 до 3.000 денари дневница за 8 часовен работен ден + храна, пишува порталот „Земјоделие.мк".



**СЕ БАРА ПОГОЛЕМ НАДЗОР:**

# Онлајн верификација на возраст и дигитална лична карта

**Питер Датон** и сојузната опозиција во *Австралија* и дава поддршка на владата кога станува збор за иницијативи што на еден или друг начин ја ограничуваат анонимноста на изразување на Интернет.

Покрај импликациите за слободата на говорот, правото да се остане анонимен на Интернет веќе долго време го поддржуваат заговорниците за дигитални и граѓански права како основа за приватноста и безбедноста на луѓето.

Но, сега со лансирањето на дигитална лична карта во *Австралија* го става прашањето во преден план и произведе парламентарен предлог кој доаѓа од опозициските либерали, со цел да ја натера владата да примени механизам кој овозможува блокирање на анонимни и лажни профили.

Ова ќе биде направено како додаток на алатките за верификациија на возраста кои се во фаза на тестирање, каде компаниите за социјални медиуми ќе собираат податоци од своите корисници и ќе може да ги разоткријат.

За време на дебатата во Претставничкиот дом, владата исто така беше критикувана дека е должна на големите интернет компании бидејќи се уште не е подготвена проверката на личните карти на социјалните мрежи да ја направи задолжителна, што е двопартиска препорака која датира од 2021 година.




Владата на **Албанезе** со **Мишел Роуланд** како министерка за комуникации и **Џули Инман Грант** комесарка за е-безбедност, тестирањето за верификација на личната карта ја претставува како начин да се спречат малолетниците да имаат пристапат до содржина несоодветна за нивната возраст, е изненадена од радикалната природа на предлогот да се укине анонимното објавување на социјалните платформи. Опасно по приватноста за сите корисници на социјалните мрежи, вклучувајќи ги и децата, така пратениците на владејачката Лабуристичка партија се обидоа да ја отфрлат идејата која ја изнесе пратеникот **Ендрју Волас**.

Но, **Волас** верува дека правото на анонимно објавување е извор на речиси секое зло на Интернет: малтретирање, вознемирување, трговија со деца, ставање мрежа на ботови и радикализација, тероризирање и *„крадење од ранливите Австралијци."* Судејќи според извештаите кои се повикуваат на **Волас**, на пратеникот неизмерно му пречи што луѓето можат да објавуваат анонимно или со лажен профил на социјалните мрежи. Како што стојат работите, корисниците се слободни да се изразат, а ако владата не ја прошири шемата на верификација на начин на кој предложува **Волас**, како тогаш корисниците можат да очекуваат полицијата да тропне на нивната врата?

Со сопствени зборови: *„Ако се криете зад анонимноста, можете да кажете што сакате без страв дека ќе ве тужат за клевета или дека полицијата ќе ви тропне на врата. Идентификацијата на луѓето кои користат лажни профили на социјалните мрежи е подеднакво важна како и верификацијата на возраста"*.



# Австралиски научници го истражуваат череп на праисториска „џиновска гуска"

Истражувачите во *Австралија* откриле череп за кој велат дека припаѓа на *„џиновска и харизматична птица од мегафауна"* на континентов што исчезнала пред десетици илјади години, споредувајќи го со денешните гуски.

Научниците од *Flinders University* во *Аделаид* изјавија дека фосилите биле пронајдени во 2019 година во коритото на езерото *Callabonna* во оддалечен регион кој се наоѓа на околу 600 километри северно од *Аделаид*.

Черепот им овозможува на научниците да покажат како изгледаат џиновските видови птици *Genyornis Newtoni*. Пронајден е со речиси целосно зачувани фосили од телото, што може да потврди дека припаѓа на тој вид, се вели во соопштението на Универзитетот.

Научниците веруваат дека оваа птица, некогаш широко распространета во австралиската дивина, исчезнала пред приближно 45.000 години.

Првиот примерок од овој тип на череп е откриен во 1913 година, но научниците во тоа време не можеле да го реконструираат бидејќи бил тешко оштетен, напиша водечкиот научник *Phoebe McInerney* и нејзините колеги во статија објавена во списанието *Historical Biology*.

Новооткриениот череп им овозможува на истражувачите да заклучат дека тежел околу 230 килограми, пет пати повеќе од австралиската џиновска казуа, голема птица поврзана со ему и ној, која исто така не лета.

Според истражувачите, черепот на *Genyornis Newtonia* е „далеку од обичен".

Има *„висока и подвижна горна вилица како папагал, но формата е повеќе како онаа на гуска, потоа широк клун, силен залак и способност да ги дроби меките растенија и овошјето на непцето"*, рече *McInerney. Иако е тешко да се следи еволутивното потекло на овој мегавид, новиот череп им овозможил на научниците да заклучат дека во суштина се работи за „џиновска гуска"*, рече научникот.

Нејзиниот тим, исто така, откри дека џиновските птици имале *„неколку необични адаптации за водни живеалишта"*, како што се заштита на нивните уши и грла од водата што влегува при нуркање.





# Првиот случај на птичји грип во Австралија дојде од Индија

Светската здравствена организација потврди дека првиот случај на птичји грип во *Австралија* е поврзан со дете кое патувало во *Индија*.

Потврдено е дека ова е првиот човечки случај на реткиот и опасен птичји грип во *Австралија*. *Светската здравствена организација (СЗО)* објави дека првиот човечки случај на инфекција со вирусот на птичји грип најверојатно е донесесн од *Индија*. *СЗО* ги предупреди здравствените власти во *Австралија* за сомнителен случај на птичји грип подтип на вирусот А (Х5Н1) откриен во Мелбурн, што подоцна го потврдија и здравствените власти на Викторија.

Епидемиолошкото истражување кое го спроведе *СЗО* утврдило дека 2.5-годишно девојче кое патувало во *Калкута*, *Индија*, меѓу 12 и 29 февруари и се вратило во *Мелбурн* на 1 март, најверојатно се заразило пред да се врати во *Австралија*. Девојчето на 2 март било примено во болница во *Мелбурн*, а во текот на следните денови состојбата и се влошила и била префрлена на одделот за интензивна нега, каде останала една недела.

Девојчето било пуштено од болница две и пол недели подоцна и се вели дека сега се чувствува подобро. Министерството за здравство на *Викторија* извести дека девојчето почнало да се чувствува лошо на 25 февруари, изгубило апетитот и било нервозно и имало температура. Семејството на 29 февруари го однело девојчето кај нејзиниот лекар во *Индија* со симптоми на треска, кашлица и повраќање и и бил даден парацетамол. Семејството изјави, за време на престојот во *Индија*, не патувале надвор од *Калкута* и немале контакт со луѓе или животни за кои се знае дека се болни. За време на престојот во болница, детето било тестирано, а резултатите биле позитивни на вирусот на грип од типот А, а примероците биле пратени на испитување во *СЗО* која потврди дека немало доволно знаење кај здравствените власти кои го испратиле примерокот на тестирање за да можеле случајот да го поврзат со подтипот на вирусот Х5Н1. Овој вирус циркулира во југоисточна *Азија*, а веќе се откриени инфекции кај живина и луѓе.

Министерството за здравство го поддржува Министерство за земјоделство на *Викторија* во одговорот на епидемијата на птичји грип меѓу птици на живинарска фарма во регионалната *Викторија*. Главната директрка на Министерството за здравство на *Викторија*, **Клер Лукер**, изјави, со тестирањето е потврдило дека оваа епидемија не е поврзана со гореспоменатиот човечки случај на птичји грип и епидемиолошката истрага на контактите не открила дополнителни случаи. *„Ова е прв потврден случај на високопатоген вирус на птичји грип во Австралија и прв случај каде сојот Х5Н1 е откриен кај луѓе или животни во Австралија. Вакцинирањето против сезонскиот грип не штити од птичјот грип*" - рече таа.

# Гозба со опасниот крокодил во Северната Територија

Жителите на градчето *Була* во *Северната Територија*, направија гозба со огромен морски крокодил од 3,6 метри за кој што велат дека бил опасност за заедницата.

Полицијата од *Северната Територија*, минатава среда го убија животното, откако беше оценето како опасност. Во соопштението за медиумите изјавија дека предаторот демнел надвор од водата и бркал деца и возрасни, а наводно изел и неколку кучиња.

Домородните жителите потоа го зготвија крокодилот и на традиционален начин подготвија гозба, соопшти полицијата. Пред тоа властите ја искористија можноста на децата да им одржат предавање за безбедно ракување со крокодилите. Полицискиот наредник **Ендрју Мекбрајд** изјави за *ABC* дека е направена супа од опашката на крокодилот, дека остатокот од месото на животното било печено на скара и дека неколку парчиња месо биле завиткани во листови банана и варени под земја.



*„Тоа беше голема традиционална гозба, многу луѓе си послужија од храната*", рече **Мекбрајд**. Морските и слатководните крокодили се заштитени во *Австралија*, а нивниот лов е забранет во 1971 година бидејќи ловокрадството за малку ќе предизвикало крокодилите да изумрат.

По забраната за лов, нивната популација постојано се зголемува. Во *Северната Територија* сега живеат околу 100.000 крокодили. Морските крокодили можат да пораснат до шест метри, тежат еден тон и јадат речиси сè што ќе им дојде во близина, што полека станува закана за луѓето од локалните заедници.

Затоа, чуварите на парковите секоја година отстрануваат стотици морски крокодили од населените области низ северна *Австралија*. Во април, 16-годишно момче беше убиено од крокодил во *Квинсленд* додека се обидувало да доплива до брегот откако му се расипал бродот. Минатата година, посмртните останки на 64-годишен рибар беа пронајдени, изедени од крокодил во *Квинсленд*.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Шилегов го раскина договорот за галијата „Среќа“, Арсовска ќе треба да ја плати отштетата





Град Скопје го изгуби спорот за галијата „Среќа“, која пред три години, на самиот крај од мандатот на градоначалникот Петре Шилегов започна да се урива, откако Градот претходно го прекина договорот за користење на бродот. Основниот граѓански суд Скопје на 17 мај пресуди дека Град Скопје и тогашниот градоначалник неосновано и едностранo го раскинале договорот за користење урбана опрема поставена во реката Вардар (така се водат сите три галии-ресторани/хотели, како „урбана опрема“ што значи дека се според условите за објекти од привремен карактер како трафики или кафеански тераси со маси на тротоар).

Сега Градот ќе треба да му плати на тужителот, фирмата „Електро-механички услужен сервис“ АД Скопје, надоместок за неосновано активирана банкарска гаранција во износ од 615.000 денари (околу 10.000 евра) со законска казнена камата, но и да ги надомести и трошоците во постапката во вкупен износ од 64.276 денари (околу 1.000 евра).

- Се надевам дека ова ќе значи крај на криминалното самоволие на определена група политичари што не успевајќи да изнудат милионски суми, прават вакви бесправни дејства и нанесуваат материјална штета на приватни фирми, но и на буџетот на Македонија. Нашата цел е да продолжиме да работиме, да ја вратиме инвестицијата, а не да нанесуваме штета на градот Скопје и на нашите сограѓани. Не сакаме да продолжуваме со тужбениот процес, кој може да заврши со барање за отштета од 5 милиони евра пред меѓународен суд имајќи предвид дека се работи за странска фирма-сопственик, од Бугарија, држава со која Македонија има потпишано Договор за заштита на инвестициите. Се надеваме дека и градоначалничката и Советот на Град Скопје ќе донесат правилна одлука во заедничка корист во најскоро време – вели во изјава за медиумите Жарко Миленкоски, управител на ЕМУС.

Шилегов во 2020 го раскина договорот со ЕМУС наводно поради неплаќање на закупнината. Бидејќи до април 2021 фирмата-сопственик самата не го дислоцира објектот, се пристапи кон уривање нарачано од Град Скопје. Но, се покажа дека не е лесно да се урне толкав бетонски објект а по „падот“ на Шилегов демолирањето сосема запре во исчекување на судска пресуда. Во „Среќа“ последниве три години се собираат бездомници и се полни со ѓубре. Дури двапати беше и опожарена.

А во пресудата на Судот сега стои дека Шилегов ја лажел јавноста в очи. Имено, ЕМУС секој месец го плаќал договорениот износ навремено и вршел угостителска дејност се 20 март 2020 кога е прогласена вонредна состојба поради короната и воведено ограничено движење на граѓаните, како и забрана за работа на угостителската дејност. Во тој период тужителот неколкупати се обратил до Град Скопје со барање за намалување или ослободување од обврската за плаќање месечен закуп, но Град Скопје не одговорил на овие барања.

Веднаш по завршување на вонредната состојба на ден 29.6.2020 година, тужителот ги платил сите заостанати месечни надоместоци за претходните три месеци, а четвртата наплата ја направил на 1 јули 2020. Непосредно по извршената уплата тужителот од тужениот добил известување за раскинување на договорот. Едностраното раскинување на договорот било поради неплаќање четири рати во вкупен износ од 259.600 денари, со барање во рок од 30 дена да се отстрани урбаната опрема – стои во образложението на пресудата.

На оваа пресуда на Основниот суд, Град Скопје има можност да се жали на Апелација.

Галиите во Вардар беа поставени во времето кога градоначалник на Скопје беше Коце Трајановски, како дел од контроверзниот проект „Скопје 2014“.

Според студијата за намалување на ризикот од поплави, која ја изготви УНДП заедно со Град Скопје и Центарот за управување со кризи, во Вардар не треба да се градат насипи, прегради и други објекти. Постојните три галии, како што покажуваат податоците од студијата за третина ја намалиле проточноста на реката, што самото по себе ја зголемува можноста од поплави.


Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


**СЛАВЕСКИ ГО ПРАШУВА КАСАМИ:**

## Според која логика албанската репрезентација е наш национален тим!?




Биљал Касами, градоначалникот на Тетово и дел од коалицијата „Вреди“(која ќе биде коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ), јаословува албанската репрезетација како „наш национален тим“.

На ова пак, преку својот профил на „Х“ жестоко реагираше професорот Трајко Славески од ВМРО-ДПМНЕ.

„Испишавме историја со младиот тетовец. Ја затресе мрежата на Италијанците за само 23 секунди! Секогаш со нашиот национален тим“, објави на фејсбук Касами.

Но, професорот Трајко Славески изрази неверување од оваа објава.

„Национален тим? Зошто кога консензуално се договоривме и прифативме дека нашите сограѓани, етнички Албанци, не се малцинство во Република Македонија, некои нивни лидери самите ги промовираат во малцинство?!

Разбирливо е за едно малцинство да се поистоветува со институции во матичната држава. Но, ако матична држава на нашите сограѓани етнички Албанци е Македонија, а не Албанија, според која логика фудбалската репрезентација на Албанија може да биде нивен национален тим?“, прашува професорот Славески.

**НОВИОТ ВЛАДИН КАБИНЕТ Е ВО СОБРАНИЕ:**

# Поранешни министри, актуелни градоначалници...

Мандатарот Христијан Мицкоски во вторникот ги поднесе програмата и составот на новата Влада за следните 4 години. Собраниската седница за нејзино усвојување ќе се одржи овој викенд и се очекува да заврши во недела пред полноќ.

- Секој член на оваа влада мора да има промакедонски позиции. Ветуваме бескопромисна борба со корупцијата и злоупотребите во изминатите 7 години, развојни економски политики, повисоки плати и пензии. Очекувам брзи резултати на полето на економијата, бизнисот може да се чувствува сигурен. Да немаме егзодус на медицински персонал и други кадри, туку да овозможиме пристојни услови да останата тука и да творат и работат. Сигурен сум дека нема да ја изневериме довербата која што оваа коалиција ја доби од повеќе од 600 илјади граѓани кои што гласаа за истата, но истовремено сигурен сум дека нема да ги изневериме и очекувањата на сите граѓани кои што, без разлика дали гласале за нас или не гласале за нас и за оваа коалиција, рече Мицкоски.

Новиот владин кабинет ќе го сочинуваат главно луѓе кои досега извршувале државна функција, со исклучок на четворица. Според етничката припадност најголем дел ќе бидат Македонци (16), но и петмина Албанци и по еден Србин и Ром.

Според образованието во владиниот кабинет ќе има најмногу економисти – седуммина. Четворица се правници, тројца се политиколози, двајца доктори, еден енергетичар, еден машинец, еден бизнисмен, еден земјоделски инженер, еден актер, еден спортист, еден историчар.

Тројца од новите министри веќе беа дел од техничката влада на Талат Џафери: Панче Тошковски како министер за внатрешни, Стефан Андоновски како министер за администрација и Цветан Трипуновски како дополнителен заменик во земјоделие. Единствено Димитриевска Кочовска има искуство од техничката влада на Оливер Спасовски.

Во Владата на Мицкоски ќе има шестмина претседатели на политички партии: Мицкоски (ВМРО-ДПМНЕ), Изет Меџити (Демократско движење), Љупчо Димовски (Социјалистичката партија), Иван Стојиљковиќ (Демократската партија на Србите), Арбен Таравари (Алијанса на Албанците) и Шабан Салиу (Демократските сили на Ромите).

Со градоначалничката фотелја ќе мора да се простат Тимчо Муцунски и Арбен Таравари кои раководат со општина Аеродром и Гостивар.

Во новата влада ќе има и луѓе кои соработуваа со претходните влади кои ги предводеше СДСМ. Таравари кратко беше министер за здравство, новиот министер за европски прашања Орхан Муртезани беше директор на МЕПСО и на Железници – Транспорт. Горан Минчев во минатото беше пратеник од редовите на СДСМ и генерален секретар на партијата. Изет Меџити, пак, беше висок функционер во ДУИ.

Ова ќе биде прв мандат на Мицкоски како премиер на државата. ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција од 1 јуни 2017 година.



*Петмина вицепремиери, три жени, шестмина лидери на политички партии, двајца актуелни градоначалници, актер, спортист*

**ДУИ „ВО ШОК“:**

## Стојиљковиќ од ДПС ќе го наследи Груби!



Потпретседателот на ДУИ, Арбр Адеми, реагираше на одлуката на мандатарот Христијан Мицкоски да го предложи Иван Стојиљковиќ за вицепремиер и прв човек на министерството за односи со заедниците, кое инаку досега го водеше Артан Груби.

Стојиљковиќ е претседател на Демократската партија на Србите (во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ).

“Охридскиот договор за прв пат по 2001 година во рацете на Србин со путинистички убедувања! Промената штотуку започна!“, напиша Адеми на Фејсбук.

**МИЦКОСКИ:**

## Премиерската заклетва ќе ја дадам со уставното име на Македонија



Христијан Мицкоски ги расчисти сите дилеми: заклетвата за премиерската функција ќе ја даде со уставното име на Македонија.

- Уставното име на државата е јасно и не треба да имаме двојни стандарди да се чувствуваме пред граѓаните неодговорно или да ги доведуваме во заблуда, се знае кое е уставното име – тоа е со придавката. Собранискиот деловник е променет и во него е содржано тоа име со придавката и така и ќе кажам. Не гледам друг начин како тоа да го кажам, а да не биде повторно главна тема. Сакам таа тема да ја затворам, порача Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и мандатар за состав на новата влада во интервју за телевизија „Сител“ . Уште рече дека како премиер официјално ќе го користи новото уставно име на државата исто како и при посетите во странство.

- Сепак, во секојдневната употреба и при давањето на изјавите во земјава ќе го користам името Македонија. Не можеме да бараме од граѓаните да ги почитуваат законите, а ние сами да ги кршиме, рече Мицкоски.

Во однос на условот за внесување на Бугарите во Уставот тој кажа:

- Ние не сме го смениле ставот. Понудивме решение - да ги ставиме во Уставот во мигот кога ќе влеземе во ЕУ. На Македонија и е потребен предвидлив пат кон ЕУ а не ваков каков што ни го стокмиле, со многу непознаници, заклучи тој.


JOHN STONEMART

A WORLD OF NATURAL STONE

MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER



НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250

ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150



Метална кутија со пластична врата

(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*

ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН

ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896

UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

# Заев и Ципрас му дадоа награда за мир „Преспа“ на поранешниот медијатор Метју Нимиц



Поранешните премиери на Северна Македонија и Грција, Зоран Заев и Алексис Ципрас, му доделија награда за мир „Преспа“ на медијаторот во разговорите за името Метју Нимиц. Ова беше во рамките на дводневната меѓународна конференција по повод шестгодишнината од потпишувањето на Преспанскиот договор, во организација на фондацијата „Заев“ и институтот „Алексис Ципрас“.

„Нимиц ни порача да го чуваме и негуваме Преспанскиот договор и целосно да го имплементираме“, напиша Заев на Фејсбук.

На овој настан беа присутни и потписниците на Преспанскиот договор, Никола Димитров и Никос Коѕиас чиј настап предизвика посебно внимание.

## Коѕијас: А ние да ја блокираме Бугарија за во Шенген, додека не ја пушти Македонија во ЕУ?

- На Северна Македонија ѝ ветивме влез во ЕУ и имаме обврска тоа да го испорачаме. И што направи ЕУ? Прво француското вето, за менување на методологијата, па потоа дојде ветото од Бугарија. Што треба ние сега да сториме? Дали да ѝ речеме на Бугарија: ние вас нема никогаш да ве пуштиме во Шенген додека не го кренете ветото за Северна Македонија? Ова е добар предлог и треба да се размисли. Но дали е тоа начин? Да се фокусираме на кавги наместо на заеднички напредок?, рече Коѕијас на панел дискусијата.

Коѕијас Договорот од Преспа го спореди со бебе.

- Договорот е како бебе на кое сите му се смешкаат и радуваат, но ние не направивме доволно за да го заштитиме и растеме, рече Коѕијас кој се осврна и на постапките на новата македонска претседателка, истакнувајќи дека таа како поединец има право да ја нарекува државата Македонија, но како институција има обврска да го почитува Договорот. Ако не ѝ се допаѓа може да се жали.

# Сиљановска-Давкова од името на „мојата земја“ се обрати на Самитот за мир во Швајцарија

На дводневната мировна конференција за Украина, која се одржа во Швајцарија, меѓу претставниците на земјите учеснички кои се обратија беше и македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова.



Со табла пред неа „Северна Македонија“ Сиљановска-Давкова имаше неколкуминутно обраќање, но во говорот ниту еднаш не го употреби името „Македонија“ во ниту една форма, туку се одлучи за формулацијата „мојата земја“, која ја изговори еднаш.

„Фактот што денеска ја претставувам мојата земја на највисоко ниво е уште една потврда за нашата принципиелна позиција и поддршката за територијалниот интегритет на Украина“, кажа Сиљановска-Давкова.

Ова е продолжение на практиката на претседателката да го одбегнува уставното име на државата. Таа досега користеше Македонија и се повикуваше на правото на слободата за изразување.

Интересно е да се напомене дека претседателката седеше на иста маса со грчкиот премиер Кирјакос Мицотакис, а потоа самата на Фејсбук се пофали дека се запознала со него.

# Холандската компанија „ВДЛ груп“ го презеде „Ван Хол“ и во Македонија

Холандската групација ВДЛ (VDL Groep) го презема погонот на „Ван Хол“ во Македонија во кој работат 1.350 работници, откако презеде делови од банкротираниот белгиски производител на автобуси „Ван Хол“ (Van Hool).

„ВДЛ груп“ е меѓународен индустриски семеен бизнис со седиште во Брејнпорт Ајндховен. Основана е во 1953 година, компанијата ја води третата генерација од 2017 година. „ВДЛ груп“ сега има над 16.000 вработени и е активна во 19 земји.




Развива и произведува широк спектар на индустриски производи, од делови до напредни готови производи. Во 2022 година, „ВДЛ груп“ оствари комбиниран годишен обрт од 5.75 милијарди евра.

# Почина Стојан Андов - првиот претседател на Собранието на независна Македонија



На 89-годишна возраст почина првиот претседател на Собранието на самостојна и суверена Република Македонија, Стојан Андов.

Андов е роден во Кавадарци на 30 ноември 1935 година. Основно образование и гимназија завршил во родниот град, а дипломирал на Економскиот факултет во Скопје и магистрирал на Факултетот за политички науки во Белград во 1972 година.

Бил потпретседател на Републичкиот извршен совет, член на македонската делегација во Соборот на републиките и покраините (горниот дом на тогашниот Парламент) и член на федералната влада во три мандати, каде се забележува неговата улога на преговарач во контактите на поранешна Југославија со експертите на ЕЕЗ (1971-1987 г.);

Се сметал за извонреден познавач и експерт на економските прашања, како и политичар ориентиран кон пазарната економија. Бил амбасадор на поранешна Југославија во Ирак (1987-1991 година).

Основач е на Либералната партија на Македонија (во основањето носеше име Реформска партија и беше формирана за поддршка на Анте Марковиќ, тогашниот премиер на СФРЈ) и како нејзин претседател ја водеше до спојувањето со поранешната Демократска партија (на Тупурковски) во 1997 година.

На првите повеќе-партиски избори 1990 година беше избран за пратеник и стана претседател на Собранието во јануари 1991 година. За пратеник беше избиран и на изборите во 1994 (пак беше и претседател на Собранието) како и на оние во 1998 година.

Беше кандидат за претседател на Република Македонија на претседателските избори 1999 година.

На 30 ноември 2000 година по третпат беше избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

Во 2021 година беше одликуван од претседателот Пендаровски со Орден „8 Септември“.


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# Светлосни линии на патиштата за подобра безбедност ноќе



Австралиска компанија во обид да ја подобри безбедноста на патиштата тестира линии кои светат во темнина, кои работат на ист принцип како детските налепници и играчки. Ако возите ноќе, знаете колку е тешко кога едвај се гледаат ознаките на патиштата. Уште потешко е да се следат во темница кога бојата е избледена или патот е неодамна асфалтиран. Споменатата компанија дојде на идеја да им го олеснат ноќното патување на возачите со тоа што ќе им овозможи да ги следат линиите кои светат во темнина на патиштата.

Во основа, тоа што оваа компанија го прави е бојадисување на ознаките на патиштата со фотолуминисцентна боја. Тоа е материјал кој се користи за изработка на стрелките на часовници, така што тие светат навечер. Сега патиштата во *Викторија* имаат посебна боја, а тоа даночните обврзници ќе ги чини А$4 милиони. Новите линии кои светат во темнина ќе им помогнат на возачите да останат во нивните ленти и подобро да реагираат на кривини и раскрсници, особено за оние кои не се запознаени со областа.

Друг третман вклучува користење ознаки на патот со поголема рефлексија. Ова се постигнува со додавање подебели стаклени мониста и термопласт во бојата, но не прави да светат како во првиот случај. Сепак, обезбедува подобра видливост кога фаровите на автомобилот ќе ја осветлат бојата во темница.

Третата мерка користи ЛЕД тактилно поплочување на пешачките премини. ЛЕД диодите ќе ги следат боите на семафорите за дополнителна видливост за пешаците кои се повеќе гледаат во екраните на мобилните телефони додека ја минуваат улицата. Колку и да се корисни, линиите кои светат во темнина не ги избегнаа критиките. За почеток, некои стравуваат дека ова е само начин да се земат пари од даночните обврзници, бидејќи линиите треба често да се освежуваат. Други стравуваат дека бојата може да содржи опасни, радиоактивни материи.

# Жените одат во пензија со 25% помала заштеда за пензија




Жените во *Австралија* заминуваат во пензија со „значително" помала суперануација во споредба со мажите, се вели во најновото истражување, кое говори дека системот за даночно олеснување за пензиите „непропорционално" оди во корист на оние со високи примања. Според најновото истражување на *Институтот на Австралија (ТАI),* даночните олеснувања за пензија носат загубени даночни приходи во износ од $54.6 милијарди во периодот 2022-2023 година, за луѓе меѓу 20 отсто на оние со најголеми примања кои заработуваат над 50 отсто од овие даночни олеснувања. Уделот на австралиски работници кои имаат суперануационен фонд над еден милион изнесува само 2.5 отсто. Меѓутоа, токму овие лица дале 20.1 отсто од сите лични придоности во пензискиот фонд во текот на 2020-2021 година, што доведе до тоа Институтот да повика за укинување на даночните олеснувања за придоноси во суперануацијата од платата за 10 отсто граѓани со највисоки примања.

Даночните олеснувања за приватните пензиски фондови, исто така, повеќе одат во корист на мажите во споредба со жените, во извештајот се наведува дека жените добиваат само 42 отсто од вкупните даночни олеснувања од пензиските придоноси. Тие, исто така, добиваат 39 отсто од сите даночни олеснувања за заработката преку суперануацијата. *„Поради тоа, последицата е жените се пензионираат со многу помалку средства од мажите"* - се вели во извештајот.

Д-р **Минх Нгок Ли**, која е на постдокторски студии на *ТАI*, изјави дека укинувањето на овие олеснувања ќе се заштедат над $12 милијарди годишно. *„Државната ризница проценува дека за секој долар оние со големи примања всушност добиваат поголема поддршка од владата од оние со средни или ниски примања поради нашиот пензиски систем. Доколку продолжиме да даваме даночни олеснувања за суперануацијата на оние со високи примања, најбогатите Австралијци наскоро ќе ги чинат државните даночни обврзници повеќе од износот на старосната пензија, што е сосема спротивно од тоа за што беше осмислен пензискиот систем"* - рече таа.

*Истражувањето исто така покажало дека жените заминуваат во пензија со 25 отсто помалку пензиски заштеди од мажите. Според предвидувањата, даночните олеснувања за суперануација меѓу 2045 и 2046 година, ќе ги надмине трошоците за старосната пен*зија, рече Д-р **Ли**.

# Две години затвор за медицинска сестра на Онкологија за проневера на лекови – Апелација ја потврди пресудата, таа е во бегство




Апелацискиот суд ја потврди првостепената пресуда против медицинската сестра од скопска *Онкологија* **Амела Османовиќ** - дека е виновна за проневера на цитостатици од клиниката и треба да одлежи две години затвор. Но таа не е во државата уште од покренувањето на обвинението против неа, па ја остави државата да си води судски процес и да и чува место во затвор доколку некогаш се врати.

Апелационит суд се согалсува со доказите дека во три наврати, во три различни денови, изнела ампули од онколошката клиничка аптека, а со намера да ги препродаде.

Случајот кој се водеше против 29-годишната медицинска сестра е засебен и не е поврзан со големата истрага за злоупотреба на биолошката терапија на Клиниката, а каде што Јавното Обвинителство сомничи пет лица меѓу кои и четворица доктори.

Овој предмет е обемен и сè уште не е завршено вештачењето на илјадниците медицински картони. За дел од медицинските досиеја во тек е вештачење и од странски онколошки експерти.

Со истрагата засега се опфатени седум тендери со милионски суми во долари. Терапиите по болно лице чинеле до 5.000-6.000 евра. Се препишувале во просек една до две терапии дополнително, но имало случаи и на повеќе препишани терапии.

Главното прашање на кое одговор треба да даде истрагата е за кого осомничените обезбедувале корист.

Судот донесе одлука да им ги одземе пасошите на лекарите **Нино Васев** и **Нухи** и да им забрани да го напуштаат живеалиштетото. На **Васев** му е забрането и да се доближува на своето работно место.

## Миле Јанакиески (конечно) излезе од затвор



Од затвор излезе ексминистерот за транспорт и врски, **Миле Јанакиески**. Тој помина шест години во затвор за предметите на поранешното *СЈО*, *„Шпански скали"*, *„Титаник"* и *„27-ми април"*.

Во ноември минатата година **Миле Јанакиески** ја победи државата пред судот во *Стразбур* и ќе добие отштета од околу A$10,000 (вклучувајќи судски трошоци) затоа што е утврдено дека му било повредено правото на слобода по членот 5 од Европската конвенција за човекови права.

Имено, поранешниот министер, обвинет во случаите *„Шпански скали"* и *„Организација на 27-ми април 2017"*, бил во притвор иако според судот не постоеле причини за негово лишување од слоабода. Втората повреда е во делот на брзината на одлучување по неговите жалби пред кривичниот совет во скопскиот кривичен суд, кои законски требало да траат максимум 48 часа.

А пред осум месеци предметот *„Топлик"* за *Сончев град* застаре на првото рочиште во Кривичниот суд, откако по вторпат Апелација ја укина првостепената пресуда со која екс министерот **Јанакиевски** доби три и пол години затвор, а останатите четворица обвинети ослободителни и три години затвор.

## Го фатија разбојникот, му го нашле и купот пари кои ги украде од банка во Скопје

Полицијата го фати разбојникот кој со пиштол и среде бел ден на почетокот на месецов ограби во *"Скопјанка"* во *Аеродром*.

*„На 15 јуни во 13:45 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишија од слобода* ***М.К.*** *(31) од Скопје поради основано сомнение дека на 04.06.2024 во 11:50 часот извршил кривично дело разбојништво односно со закана со пиштол кон вработените во експозитура на банка во Скопје одзел пари,"* соопшти *МВР*. Најдени се и парите кои ги украл, во висина од преку A$65,000 во различни валути.

Уапсениот влегол во филијала на банка на улицата *"Бојмија"* во *Скопје* (во ТЦ *„Скопјанка"* во населба *Аеродром*, блиску до Железничката станица) и со сериозна закана и употреба на огнено оружје – пиштол, загрозувајќи го животот и телото на двајца вработени во банката, одзел 2.628.901,55 денари со намера противправно да ги присвои. Веднаш побегнал од местото.

По неговото пронаоѓање и лишување од слобода, пронајдени се и парите и тие се вратени на банката, соопштија од скопското Обвинителство.

На уапсениот **М.К.** надлежен судија му одреди притвор од 30 дена.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Кина и понуди панди на Австралија во обид да се зајакне соработката

*Кинескиот премиер Ли Чианг ѝ понуди на Австралија да ѝ испрати две нови панди за време на неговата посета на зоолошката градина во Аделаид.*



Новите панди ќе ги заменат постојните панди во зоолошката градина, по име **Ванг Ванг** и *Фу Ни*, кои се *„пријателски гласници на кинеско-австралиските односи“*, вели **Ли**.

Пристигнувањето на **Ли** во *Австралија* на четиридневно патување е прво на кинески лидер во последните седум години, што го означува подобрувањето на врските меѓу двете земји.

И *Кина* и *Австралија* ја гледаа посетата како клучна за решавање на отворените трговски и конзуларни прашања. **Ли** рече дека додека **Ванг Ванг** и **Фу Ни** ќе се вратат во својот роден град до крајот на годината, тој вети дека *„Кина наскоро ќе обезбеди уште еден пар панди кои се подеднакво убави, живи, слатки и помлади во паркот Аделаид“*.

Практиката што датира уште од династијата **Танг**, која владеела од 618 до 907 година, панда-дипломатијата или испраќањето панди како дипломатски подароци, долго време е инструмент на дипломатските напори на *Кина*.

*Кина* се обидува да го зголеми своето влијание во *Јужниот Пацифик*, проширувајќи ги безбедносните и економските врски со островските држави кои се историски сојузници со *Австралија*.

Ова беше точка на тензија меѓу нациите со години, но билатералните односи достигнаа ниска точка кога поранешниот австралиски прајминистер **Скот Морисон** повика на меѓународна истрага во 2020 година за потеклото на пандемијата ковид во *Кина*. Одговорот на *Пекинг* беше со наметнување на високи царини, вклучително и за австралиското вино.

Австралиските домаќини на **Ли**, исто така, го одведоа во винарија за време на неговата посета – очигледно потсетување дека *Пекинг* неодамна ги укина тарифите за вино. По неговото пристигнување во зоолошката *Аделаид* во саботата, **Ли** најави затоплување на дипломатскиот јаз.

*„Взаемната почит, барањето заеднички јазик додека се задржуваат разликите и заемно корисната соработка се клучни за врската“* изјави **Ли**.

Но, додека врските меѓу земјите се чини дека се подобруваат откако Лабуристичката партија ја презеде власта во *Австралија* во 2022 година, разликите сè уште остануваат.

Тие вклучуваат отстранување на преостанатите трговски бариери и ослободување на затворениот австралиски блогер **Јанг Хенџун**, кој беше уапсен на аеродромот во *Гуангжу* во 2019 година. **Ли** во понеделник во *Канбера* имаше средба со австралискиот прајминистер **Ентони Албанезе**. При таа средба зборуваа и за случајот на **Јанг**, кој беше осуден на условна смртна казна поради обвиненијата за шпионажа во февруари.

Додека **Ли** се занимава со трговија и панда-дипломатија во *Австралија*, поддржувачите на **Јанг** објавија дека Високиот суд во *Пекинг* ја разгледал и ја потврдил пресудата на понискиот суд.

*„Нашата најнепосредна загриженост е што здравствените состојби на **Јанг** остануваат сериозни и нерешени. Го повикуваме прајминистерот **Албанезе** да ја искористи средбата со премиерот **Ли Чианг** за директно да побара **Јанг** да биде пуштен на условна медицинска помош“.*



# 50 ученички завршија на сајтовите за возрасни

***Австралиските власти истражуваат случај во кој тинејџер наводно користел вештачка интелигенција за да создаде лажни порнографски слики на околу 50 ученички. Полицијата на Викторија потврди дека уапсила тинејџер „во врска со експлицитни слики што кружат на интернет" и дека продолжува со истрагата. Сликите, наводно, биле создадени со помош на фотографии објавени на социјалните мрежи од 50 ученички во Grammar School Bacchus Marsh, на периферијата на Мелбурн.***




Директорот на училиштето **Ендрју** изјави дека жртвите се девојчиња помеѓу 14 и 18 години. Возраста и идентитетот на момчето не се познати, но **Нил** рече дека *„логиката сугерира дека сторителот е некој од училиштето"*.

Мајката на 16-годишен ученик во училиштето, чија слика не била користена, вели дека нејзината ќерка повраќала кога ги видела „искривените" слики на интернет. *„Отидов да ја земам ќерка ми откако спиеше кај другарка и беше многу вознемирена, повраќаше и сето тоа беше неверојатно вознемирувачко"*, рекла мајката, наведувајќи го само името **Емили**.

Училиштето во соопштението рече дека им понудило помош на учениците и дека и помага на полицијата во истрагата.


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*


РЕКЛАМИРАЈТЕ СЕ КАЈ НАС!

Australian Macedonian TODAY
21 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY
*Австралиско*Македонски*Неделник*

За сите информации: 0411 136 151

### КИНА МУ ОДГОВОРИ НА НАТО:

# Преиспитајте ги своите акции во Украина

Меѓународната заедница има фер мислење за улогата на *НАТО* во украинската криза, но Алијансата би требало да ги преиспита своите постапки, кажа портпаролот на кинеското министерство за надворешни работи **Лин Џијан** на брифинг за новинарите.

*„НАТО би требало да ги преиспита своите акции, а не да врши произволни клеветнички напади на Кина*", додаде **Џијан**, одговарајќи на барањето за коментар на зборовите на генералниот секретар на западниот воен пакт **Јенс Столтенберг**. **Столтенберг** изјави за *Би-би-си* дека *Кина*, доколку не го промени своето однесување, треба да сноси последици поради поддржувањето на *Русија* во војната во *Украина*.

Тој кажа дека *Пекинг „се обидува да седи на две столици*", поддржувајќи ги руските воени напори и истовремено одржувајќи односи со европските сојузници.

*„Ова нема да функционира на долги патеки*", кажа **Столтенберг** за време на посетата на *Вашингтон*. Кинескиот дипломат истакна дека Кина не е креатор ниту страна во украинската криза, туку дека постојано вложува напори за одржување мировни преговори.

*„Препорачуваме релевантните страни да престанат да префрлаат вина и одговорност, да сеат раздор, да престанат да долеваат масло на огнот и да провоцираат конфронтација и да почнат да работат на политичко решавање на кризата*", кажа **Лин Џијан**.

# Производот на Џонсон и Џонсон предизвикува сериозни болести




Фармацевтскиот козметички гигант *Џонсон и Џонсон* се согласи да плати 700 милиони долари за да го реши случајот поврзан со, како што рекоа обвинителите, погрешно рекламирање што им наштетил на потрошувачите. Всушност, во нивните реклами за пудра за бебиња, тие рекоа дека е безбедна за употреба, иако содржи талк, за кој се верува дека предизвикува рак и мезотелиом (тумор на тенка, проѕирна, двослојна мембрана што ја покрива и обложува внатре во градите и стомакот).

Случајот опфати 42 американски сојузни држави, а судската постапка ја водеа државните обвинители на *Флорида, Северна Каролина* и *Тексас*.

*„Ова е голем чекор за безбедноста на производите за широка потрошувачка бидејќи Џонсон и Џонсон престана да произведува и пласира производи кои содржат талк што може да се поврзе со сериозни здравствени проблеми*", рече државниот обвинител на *Флорида*, **Ешли Муди**.

Минатата година, компанијата престана да ги продава сите свои производи во прав базирани на талк на глобално ниво, заменувајќи го талкот со пченкарен скроб. Повеќе од 61.000 луѓе поднеле тужби против *Џонсон и Џонсон* заклучно со 31 март. Компанијата во мај предложи да плати 6,5 милијарди долари во текот на 25 години преку нејзината банкротирана подружница *ЛТЛ Менаџмент* за да ги реши сите нерешени и идни тужби во *САД* кои тврдат дека пудрата за бебиња и другите производи на база на талк предизвикуваат рак на јајниците.


## ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
## БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Судир на филипински и кинески бродови во Јужното Кинеско Море




Брод на *Филипините* лесно се судрил со кинески брод во *Јужното Кинеско Море*, соопшти кинеската крајбрежна стража. Инцидентот се случил во водите во близина на вториот **Томас Шол** на островите *Спратли*. *Пекинг* има претензии за речиси целото *Јужно Кинеско Море*. Делови од регионот се спорни од *Тајван, Филипините* и неколку други земји од *Југоисточна Азија*.

Секоја година низ *Јужното Кинеско Море* поминуваат трилиони долари од бродската трговија, а се верува дека наоѓалиштата на нафта и гас лежат под дното на *Јужното Кинеско Море*.

Кинеската крајбрежна стража го обвини филипинскиот брод дека *„нелегално пловел по морето во близина на гребенот Ренаи на кинеските острови Нанша“*, користејќи го официјалниот термин на *Пекинг* за островите *Спратли*.

*„Филипинскиот брод игнорираше многу предупредувања од кинеска страна. На непрофесионален начин му пријде на кинескиот брод, што доведе до судир. Кинеската крајбрежна стража презеде контролни мерки против филипинскиот брод во согласност со законот“*, објави кинеската крајбрежна стража. *Кина* претходно ги предупреди *Филипините* да не навлегуваат во територијалните води и издаде нови правила кои стапија на сила на 15 јуни.

Според новите правила, кинеската крајбрежна стража е овластена да употребува смртоносна сила против странски бродови во водите за кои тврди *Пекинг* и да ги задржува прекршителите без судење 60 дена. Филипинскиот претседател **Фердинанд Маркос** ги нарече мерките *„многу загрижувачка ескалација“*. *Манила* ја обвини кинеската крајбрежна стража за „варварско и нехумано однесување“ кон филипинските бродови. Во петокот, Г7 ги критикуваше, како што ги нарече, опасни кинески упади во *Јужното Кинеско Море.*



**ЛЕ ПЕН:**

# Преговорите со Русија се клучни за решавање на конфликтот во Украина

Лидерката на десничарската партија Национален собир, **Марин Ле Пен**, ја истакна важноста на преговорите со *Русија* за решавање на конфликтот во *Украина*.

Според неа, *Киев* очигледно не може да ја добие војната и неопходно е да се разговара со *Русија* за да се најде позитивен излез за *Украина*.

*– Дали навистина верувате дека можеме да се договориме за мир без да разговараме со една од завојуваните страни? Ќе мораме да разговараме со Русија за да се обидеме да најдеме позитивен излез за Украина, имајќи предвид дека Киев очигледно не може да победи во конфликтот* – изјави **Ле Пен** во интервју за шпанскиот весник *„Периодико“*.

**Ле Пен** изјави дека поддржува иницијативи за воена или цивилна поддршка на *Киев*, но во исто време укажа на потребата внимателно да се разгледа воведувањето санкции против *Русија*. Таа нагласи дека санкциите може да се свртат против *Европа*, особено посочувајќи го примерот со енергетската војна, која се покажа како погубна за европските економии.

**Ле Пен** истакна дека е важно *Европа* да избегне директно вклучување во конфликтот, избегнувајќи ги ужасните грешки од минатото. Таа нагласи дека е премногу добро запознаена со механиката на војната за да дозволи да се повторат истите грешки и дека *Европа* не смее да биде вовлечена во ужасите што можат да доведат до конечниот крај на *Европа*.

*Ја знам и механиката на војната добро да не се повторуваат страшните грешки од минатото. Не сакаме повеќе да не вовлекуваат во ужасите кои, доколку се случат, би значеле конечен крај на Европа* – изјави **Ле Пен**.

# Судан соочен со најсмртоносен глад во светот во последните 40 години

*Судан* се соочува со глад кој би можел да стане полош од сите кои светот ги видел од *Етиопија* пред 40 години, предупредуваат американските власти, додека завојуваните војски и понатаму ја блокираат испораката на помош, но залихи оружје за двете страни и понатаму пристигнуваат. Бидејќи поголемиот дел од вниманието во светот е насочен кон *Газа*, жариштето на уште една криза со глад создадена од човекот, *Судан* е веќе најлошата хуманитарна криза во светот и лизга кон хуманитарна катастрофа со историски размери, со далеку помала медиумска покриеност и глобална загриженост. Хуманитарниот апел на Обединетите нации за таа земја доби само 16 отсто од средствата кои ѝ се потребни.

*„Потребно ни е светот да се разбуди пред катастрофата која се случува пред нашите очи“*, им кажа на новинарите **Линда Томас Гринфилд**, американската амбасадорка во *ОН*. *Ал Фашир*, главниот град на областа *Северен Дарфур* и некогашен хуманитарен центар, веќе втор месец е под опсада на *Силите за брза поддршка (РСФ)*. *РСФ* е паравоена група



која се бори против суданските оружени сили (*САФ*) од април 2023 година, кога борбата за моќ на двата ривалски генерали, **Абдел Фатах ал Бурхан** од *САФ*, де факто владетелот на земјата, и **Мохамед Хамдан Дагал** од *РСФ*, попознат како **Хемедти**, ескалираше во конфликт кој ја подели земјата. Во граѓанската војна се убиени 14.000 луѓе, а 10 милиони се приморани да ги напуштат своите домови.

Советот за безбедност на *ОН* усвои во четвртокот резолуција која ја состави Британија, со која се бара прекин на опсадата на *Ал Фашир*, но борбите ескалираа кога *САФ* соопшти дека одбил голем напад на *РСФ*, нанесувајќи „огромни загуби“. Шефицата на американската *Агенција за меѓународен развој (УСАИД)* **Саманта Пауер** кажа дека постои загриженост околу тоа што ќе се случи со луѓето кои нашле засолниште во *Ал Фашир* ако тој град падне во рацете на *РСФ*. Тие сили се главно регрутирани од милициите *Џанџавид*, кои вршеле масакри додека се бореле на страната на владата од *Картум* во геноцидот во *Дарфур* од 2003 до 2005 година.

Таа најави 315 милиони долари нова американска хуманитарна помош за *Судан*, но кажа дека никаква помош не стигнува до изолираното население. Двете страни се обвинети дека ја користат контролата врз пристапот до храната како оружје.

# НА ЕКВАТОРОТ ИМА НАЈГОЛЕМА ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ТУРБУЛЕНЦИИ




За луѓето што се плашат од летање, утеха е објаснувањето на австралискиот пилот Џими Николсон. Тој потенцира дека случаите на уривање на авион е тажен, но многу редок настан.

Говорејќи за турболенцијата на летот „СК321“ од Лондон до Сингапур на авиокомпанијата „Сингапур ерлајнс“, каде што при падот имаше и загинато лице, пилотот тврди дека авионот „се спуштал контролирано“ и оти не паднал поради турбуленции.

Николсон зборува и за тоа каде во светот може да се очекуваат „најлоши турбуленции“, укажувајќи на екваторот како позната зона на конвергенција.

– Овде ветровите од северната хемисфера се спојуваат со јужната, често предизвикувајќи лошо време и турбуленции. Интертропска зона на конвергенција се менува во текот на годината – вели тој.

Исто така, честопати тука се јавуваат „низи големи високи кумулонимбусни облаци“ што произведуваат грмотевици во интертропска зона на конвергенција. Но, како што појаснува пилотот, радарите и технологијата посочуваат каде точно се наоѓаат тие облаци, па и полесно се избегнуваат денес.

## КИВИТО ИЗОБИЛУВА СО ХРАНЛИВИ МАТЕРИИ



Кивито за првпат станало популарно на Нов Зеланд, а плодовите на ова овошје денес ги уживаат луѓето ширум целиот свет. Зад добриот вкус лежат многуте хранливи материи, како што се витамин Ц, К и Е, фолна киселина, калиум, растителни влакна и антиоксиданти.

Кивито може да се консумира цела година и има многу здравствените придобивки од ова овошје. Антиоксидансите, односно витаминот Ц го подобрува имунолошкиот систем и помага во спречување настинка и грип. Натаму, како што покажуваат и научните истражувања, консумирањето три киви на ден може да го намали крвниот притисок. Причината за ова е што ова овошје содржи лутеин, што исто така, е моќен антиоксиданс.

Кивито (како и повеќето овошја) содржи и многу растителни влакна, а тие пак, поволно влијаат на целокупниот систем на варење. Кивито го подобрува и видот.

За повеќето луѓе, кивито е безбедно за јадење, но кај оние кои се алергични на ова овошје, може да се појави отечен јазик, осип, тешко голтање, па и повраќање.

### РЕУМА




Трпе бил келнер и ја носи супата на еден муштерија, ама со палецот брцнат во неа.

– Повелете супата.

– А што палецов си го брцнал во супата?

– Знете имам реума на палецов, па супава како што е врела супер ми доаѓа.

– А да си го пикнеш палецот во газ, таму потпло е!?

– Ааа, па до преескa ми беше таму!

### ХРАНА, СЕКС И ПАРИ

– Аууу Спасе, нема да ти се верува!

– Што е таа работа бе Сотире?

– А бе замисли Спасе, ми кажаа дека имало некакво волшебно место во Престон. Колку сакаш можеш да јадеш и да пиеш, па неколку пати секс до лудило. И на крај, на заминување, уште ти даваат 100 долари за чао демек!

– Аман бе што зборуваш!? Абе кој бил на такво место? Кој ти кажа за тоа место?

– А бе Менка... Менка моја... Баш вчера била таму!

### КНИГИ ЗА САМОУБИСТВО

Влегува дечко во библиотека и прашува:

– Се извинувам, дали имате книги за самоубиство?

– Да, онаму, третата полица од горе.

Оди дечково и бара, ама не наоѓа, па се враќа назад:

– Ама, таму нема ни една книга.

– Е, па тие книги кога ќе ги земат обично не ги враќаат.

### ПРОБЛЕМИ

Антички Римјанин во продавница за облека:

– И од кога XL е поголемо од L?!

### РАСПОРЕД

Коста имал проблеми со ерекцијата и отишол на доктор. Докторот му вели дека претерал со сексот во последните 20 години и сега му остануваат само 30 ерекции. Се враќа дома скршен и ја споделува веста со сопругата:

– Ми преостануваат само 30 пати секс во животот!

– Тоа е страшно! Треба да направиме список и распоред.

– Веќе го направив, ама тебе те нема во списокот…

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1819 Year 37 • Tuesday, 18 June 2024 • Price $4.00 inc GST







## МОРТАЛИТЕТОТ ЛАНИ НАМАЛЕН ЗА 10.1%, ПОВЕЌЕ УМИРААТ МАЖИ И ТОА ВО ЈАНУАРИ



ДАНИЕЛ ЕНДРЈУС ЈА ДОБИ НАЈГОЛЕМАТА ДРЖАВНА ПОЧЕСТ KING'S BIRTHDAY HONOUR:

## НАГРАДА ЗА УНИШТУВАЊЕ НА ВИКТОРИЈА



СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА:

## „СО ГРЧКИОТ МИНИСТЕР СЕДЕВМЕ ЕДЕН ДО ДРУГ, НО НЕ ЗБОРУВАВМЕ ЗА ИМЕТО“



КИНЕСКИОТ ПРЕМИЕР ВО АВСТРАЛИЈА

## КАНБЕРА ГИ ЗАТОПЛУВА ОДНОСИТЕ СО ПЕКИНГ

КОНЦЕСИИТЕ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДИ И МИНЕРАЛИ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ МИНИМАЛНИ: **ОД МЕРМЕРОТ ЗА ДРЖАВАТА ОСТАНУВА САМО 1% ОД ПРИХОДОТ**


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа






За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ




МОМЕНТ КОЈ СО НЕТРПЕНИЕ ГО ЧЕКАШЕ:

# Иџе оствари прва победа со своето „ферари“!

Игор Стефановски се запозна со новиот автомобил и почна да се чувствува како едно со своето „ферари“, а минатиот викенд ја дочека и првата победа во својата нова авантура на Европскиот шампионат на ридски патеки.

Популарниот Иџе прикажа добри перформанси на претходните четири трки и се најде на пиедесталот, но овојпат го освои првото место на втората трка која се возеше во Германија.

Стефановски беше побрз од конкуренцијата и оствари најдобро време на втората трка која се возеше на Глазбахренен, патека на која Иџе за првпат возеше по пауза од десет години.

Денешната победа сигурно ќе му донесе посебна сатисфакција на македонскиот автомобилист, бидејќи истата е прва која ја остварува во црвените бои на „Ферари“.

– Ова е тоа што го чекав – 1-во место, прва победа со „Ферари“.

# Струга ТЉ го доби еден од најтешките ривали во првото квалификациско коло во ЛШ



Втора година по ред екипата на Струга Трим Љум ќе биде единствениот македонски претставник во фудбалската Лига на шампионите.

Во просториите на УЕФА во Нион се одржа ждрепката за првото квалификациско коло во елитното натпреварување. Македонскиот шампион во оваа ждрепка се најде во групата 1 и тоа како неносител, па за свој противник го доби Слован Братислава, тим кој беше еден од најнепосакуваните.

На дебито во Лигата на шампионите, минатата сезона, Струга беше елиминирана уште во првото коло од литвански Жалгирис.

Првиот натпревар се игра во Словачка на 9 или 10 јули, додека реваншот во Македонија е една седмица подоцна. Поуспешниот тим од овој двомеч го продолжува натпреварувањето во второто коло од Лигата на шампионите, додека поразениот се префрлува во второто коло од Конференциската лига.

# Македонката Миљана Релиќ освои златен медал на ЕП во клупско теквондо!



Македонката Миљана Релиќ освои златен медал во сениорки -62 кг и стана европска шампионка на Европското клупско првенство во теквондо одржано во Тирана, Албанија.

Таа златниот медал го освои со четири победи и без изгубена рунда. Ова се 10 нови поени за Мила на олимписката и светската ранг листа.

Во 2022 година таа беше Европска клупска шампионка, додека минатата година освои бронзен медал.

Во првото коло Мила беше слободна, во второ коло Мила беше подобра од Италијанката Грета Тарвара. Во борбата за медал Мила ја совлада Татјана Томчак од Полска со 2:0 во рунди, иако во втората рунда при водство на противничката од 3:10, Мила направи фуриозна рунда и на крај, со резултат од 11:11 беше прогласена за победник поради пет казнени поени на противничката. Во полуфиналето Македонката ја победи Турчинката Сервел Чакал, додека во финалето беше поуспешна од Јулија Шпак од Полска

# „Му понудивме на Меси A$2.2 милијарди евра, тој ги одби без да трепне“



Лионел Меси пред речси една година беше во центарот на вниманието на фудбалската јавност, кога стана јасно дека аргентинскиот генијалец нема да потпише нов договор со ПСЖ и повторно ќе ги менува клупските бои.

Се шпекулираше за камбек во Барселона, постоеше сериозен интерес од американската МЛС-лига, но добро познато беше дека најбогатата понуда од финансиски аспект пристигна од Саудиска Арабија. Првиот човек на шампионот Ал Хилан, Анмар Ал Хаили, обелодени дека на Аргентинецот му биле понудени неверојатни A$2.26 милијарди да потпише за овој клуб, понуда што Меси без размислување ја одбил.

- Го контактиравме Меси кога беше на истекот од договорот со Париз. Му дадовме и официјална понуда која изнесуваше A$2.26 милијарди, а тој ја одби без да трепне. Веднаш објасни, сакаше со семејството да се пресели во САД, за нас беше чудно некој да одбие толку многу пари, но ја почитувавме неговата одлука бидејќи семејството секако е поважно од парите, изјави Ал Хаили.

Се останато е добро познато, Лео потоа потпиша за Интер Мајами, клуб за кој настапува и оваа натпреварувачка сезона.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Истрага за инцидентот по натпреварот Норткот Сити и Престон Македонија

Дознаваме Фудбалското тело на Викторија (ФВ) истражува сериозен инцидент што се случил по натпреварот помеѓу Норткот Сити и Престон Македонија во Меморијалниот парк Џон Кејн во петок, на 7 јуни 2024 година.

ФВ и полицијата на Викторија ќе го истражат инцидентот. ФВ ги контактирал двата клуба, кои се придружуваат во осуда на однесувањето и целосно ќе соработуваат со истрагата.

Фудбалскиот сојуз ги осудува сите форми на антисоцијално однесување и насилство, во согласност со Правилата на ФВ и Кодексот на однесување на гледачите. Ваквo однесување и поединците вклучени во него, немаат место на фудбалските натпревари.

ФВ се ангажира со сите релевантни чинители за да собере детали за инцидентот. Присутните кои имаат релевантни снимки, фотографии или информации од вечерта се охрабруваат да ги споделат со discipline@footballvictoria.com.au.

Натпреварот помеѓу Кингстон Сити и Престон Македонија бидејќи се играше доцна навечер во понеделник не можеше да биде вклучен со известувањата од нашите клубови за овој број. Тоа се рефлектира и на табелата бидејќи со еден натпревар е Престон.

Во петок, на 21 јуни, Престон Македонија ја пречекува екипата на Бентли со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 41 |
| Вестерн Јунајтед | 36 |
| Норткот Сити | 35 |
| Престон Македонија | 32 |
| Бентли | 25 |
| Лангварин | 25 |
| Мелбурн Сити | 24 |
| Булин Лајонс | 24 |
| Брансвик Сити | 19 |
| Кингстон Сити | 18 |
| Истерн Лајонс | 18 |
| Џорџ Крос | 16 |
| Вереби Сити | 15 |
| Норт Џилонг | 10 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 18 КОЛО**

## Алтона Маџик Вардар – Грин Гали 0:0

Средба која заврши со непопуларен резултат без голови и поделба на бодовите. За "црвено црните" ова беше натпревар за кој може само да жалат дека е пропуштена шанса за искачување повисоко на табелата. Наместо тоа сега Мелбурн Најтс ги прескокна а тие се на деветтото место. Следниот противник за Алтона Маџик е лидерот на табелата Саут Мелбурн и ќе биде вистинско изненадување ако се врати од гостувањето со бод.

Подмладокот на Алтона Маџик забележа пораз од Грин Гали кој е лидерот во групата со 4:1.

Во петок на 21 јуни, Алтона Маџик Вардар гостува кај Саут Мелбурн со почеток во 19:30 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 44 |
| Авондаел | 42 |
| Окли Канонс | 37 |
| Хајделберг Јунајтед | 33 |
| Хјум Сити | 33 |
| Порт Мелбурн | 29 |
| Данденонг Сити | 25 |
| Мелбурн Најтс | 22 |
| Алтона Маџик Вардар | 21 |
| Грин Гали | 20 |
| Данденонг Тандер | 18 |
| Манингам Сити | 11 |
| Сент Албанс Саинтс | 10 |
| Мореланд Сити | 7 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 20 КОЛО**

## Рокдаел Илинден – Манли Јунајтед 4:0



Неверојатна сезона за Рокдаел Илинден кој забележа уште една сигурна победа и е на врвот далеку пред останатите екипи иако има одиграно еден натпревар помалку. На спортскиот центар Илинден минатава недела се редеа головите на Матју Кордиер 12`, Алекс Урошевски во 45 и 51 минута, а конечниот резултат го постави Блејк Ричуто во 77 минута за 4:0.

Претстојнава седмица Рокдаел Илинден ќе има два натпревара првиот во среда, на 19 јуни, се игра заостанат натпревар од 17 коло и Рокдаел Илинден гостува кај Маркони Сталионс со почеток во 19:30 часот.

Додека в недела, на 23 јуни, се игра 21то коло и Рокдаел Илинден гостува кај Блактаун Сити со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 47 |
| АПИА Лејкард | 40 |
| Блактаун Сити | 38 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 37 |
| Маркони | 37 |
| Сиднеј Јунајтед | 36 |
| Сент Џорџ Сити | 33 |
| Волонгонг Вулвс | 30 |
| Сиднеј Олимпик | 26 |
| Манли Јунајтед | 23 |
| НЈВ Спирит | 21 |
| Сент Џорџ Саинтс | 21 |
| Хилс Јунајтед | 18 |
| Сиднеј | 15 |
| Сатерланд Шаркс | 14 |
| Централ Кост Маринерс | 12 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 15 КОЛО**

## Откажан натпреварот Еџворт – Бродмедоу Маџик

Како последица на силните врнежи во Њукастел сите натпревари минатиов викенд беа откажани. Ви пренесуваме слика од стадионот на Бродмедоу Маџик, кој е претворен во мочуриште и не е погоден за игра.



Во недела, на 23 јуни, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Вестон Воркерс со почеток во 14:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас | 37 |
| Бродмедоу Маџик | 36 |
| Чарлстаун Азури | 28 |
| Еџворт | 23 |
| Валентин | 19 |
| Њукастел Олимпик | 17 |
| Вестон Воркерс | 16 |
| Маитланд | 15 |
| Кукс Хил Јунајтед | 12 |
| Њу Ламбтон | 5 |
| Лејк Маквори | 3 |
| Адамстаун Розбадс | 2 |




### ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 20 КОЛО

# Универзитет НЈВ – Сиднеј Македонија 3:3



Возбудлива средба на која во три наврати нашата Сиднеј Македонија мореше да го изедначува резултатот. Домаќинот дојде до водство во 21 минута со голот на К. Лопес, и го задржа до крајот на првото полувреме.

Во вториот дел Џонатан Гроздановски во 66 минута изедначи на 1:1. За ново водство на Универзитет НЈВ во 73 минута се погрижи Џереми Кокс и 2:1. Десет минути подоцна Рет Десилва ја затресе мрежата за 2:2. Последните мигови од игра беа неверојатни и прво домаќинот во 89 минута по трет пат дојде до водство преку Марк Дасилва за 3:2. Кога изгледаше дека веќе нема надеж во 91 минута Крис Пејн ја затресе мрежата за конечните 3:3.

Во сабота, на 22 јуни, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Нортбриџ Булс Академи со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маутн Друит Таун Ренџерс | 48 |
| Нортбриџ Булс Академи | 43 |
| Хакоа Сиднеј | 42 |
| Сиднеј Македонија | 36 |
| Нордерн Тајгерс | 29 |
| Блектаун Спартанс | 29 |
| Бенкстаун Берис | 29 |
| Универзитет НЈВ | 28 |
| СД Раидерс | 25 |
| Бонириг Вајт Иглс | 22 |
| Ридалмер Лајонс | 19 |
| Макартур Рамс | 18 |
| Дулвич Хил | 15 |
| Непеан | 12 |
| Данбар Роверс | 9 |

# Алкараз доби А$310 милиони од „Најк" и договор каков што имаа Федерер и Надал



*Алкараз ќе добие свое лого, односно ќе се работи на создавање на неговиот бренд. На пример, во светот на тенисот тоа им успеа само на двајца тенисери - Роже Федерер и Рафаел Надал. Се разбира, станува збор за договорите што ги имаа со „Најк" кои го креираа нивното посебно лого за нив*

По освојувањето на својот трет грен-слем (Ролан Гарос), Шпанецот Карлос Алкараз ќе добие нов договор од „Најк" вреден околу А$310 милиони за наредните десет години. Таа сума ќе биде највисока во однос на договорите на актуелните тенисери, а многу повисока и од таа на Јаник Синер, кој во моментов е светски рекет број еден.

Карлос Алкараз стана најмладиот играч во историјата кој подигнал трофеи на три различни подлоги на четирите најголеми турнири во „белиот спорт".

Станува збор за нов спонзорски договор со компанијата „Најк". Сегашниот му истекува во 2025 година и затоа многу брзо ќе ги стави иницијалите на продолжување на соработката на десет години и за тоа ќе добие нереална сума. Шпанскиот портал „Релево" тврди дека тоа нема да биде единственото нешто што ќе го добие.

Според нивните информации, Алкараз ќе добие свое лого, односно ќе се работи на создавање на неговиот бренд. На пример, во светот на тенисот тоа им успеа само на двајца тенисери, Роже Федерер и Рафаел Надал. Се разбира, станува збор за договорите што ги имаа со „Најк", кои го креираа нивното посебно лого за нив.

Интересен е податокот дека логото „RF", кое стана заштитен знак на Федерер, Швајцарецот го доби на 26 години, додека Рафа го доби логото на бикот на 27 години. Карлос ја доби истата чест само неколку недели откако го прослави својот 21-ви роденден.

# Французите без Мбапе до крајот на групната фаза



Килијан Мбапе доби скршеница на носот во финишот на мечот против Австрија и ќе мора да отсуствува на следните две средби на француската репрезентација, за целосно да се рехабилитира и да биде подготвен за нокаут фазата од ЕВРО 2024.

Оваа информација ја пренесоа неколку француски медиуми повикувајќи се на извори од таборот на „триколорите". Според нив, лекарите јасно ставиле до знаење дека Мбапе ќе треба да мирува околу една седмица, а потоа да почне да тренира и да игра со заштитна маска на повредениот нос.

Селекторот Дешамп не сака да ризикува, па така Мбапе ќе биде на клупата за следните дуели со Холандија и со Полска, се со цел тој да биде максимално подготвен за настап за нокаут фазата. Останува да се види како Франција ќе се снајде без својот најдобар фудбалер, ако се знае дека Мбапе беше директно вклучен (со гол или асистенција) во 39% од СП 2018 па се досега (15/38).

# Познат партнерот на Синер за Олимписките игри во Париз



Новиот светски тенисер број еден, Италијанецот Јаник Синер го доби својот партнер со кој ќе настапи на Олимписките игри во Париз.

Од Тенискиот сојуз на Италија го објавија ростерот на тенисери на кои ќе сметаат за турнирот во Париз. Така Синер ќе игра во пар заедно со Лоренцо Мусети со кого ќе се обиде да и донесе на Италија олимписко злато.

Покрај Синер и Мусети во репрезентацијата се уште Матео Арналди, Лучијано Дерадади, Андреа Вавасори и Симоне Болели.

Тенискиот турнир во Париз започнува на 27 јули и ќе се игра до 4 август на терените на Ролан Гарос.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

# ВОЛКАНОВСКИ: ГО ЧЕКАМ МЕЧОТ СО ПОРИЕ, ПОДГОТВЕН СУМ ДА СИ ГО ВРАТАМ ПОЈАСОТ




Австралискиот UFC борец со македонско потекло, Александар Волкановски најави враќање на титулата во перолесна категорија. Верува дека ќе добие меч за паметење против најдобриот борец во категоријата, Дастин Порие.

Волкановски во февруари доживеа тежок пораз од младиот Илија Топурија, по нокаут во втората рунда, со што ја загуби светската титула. Сето тоа многумина го припишаа на тоа што пребрзо се врати во рингот по нокаутот од Махачев.

„Затоа сега не брзам, па моментов го правам она што требаше да го направам и по нокаутот од Махачев. Тоа секако одигра улога во поразот. Но, тоа е мојот менталитетот, не се плашам од предизвик и веднаш го прифаќам. Затоа сега знам дека мојата следна борба во перолесна категорија ќе биде за титулата, и ништо помалку. Им кажав на UFC дека сакам да почекам до крајот на оваа година, десетиот, единаесетиот или дванаесетиот месец. Мислам дека тие целат на септември. Ако битката против Порие се случи, тогаш ќе треба да чекам долго време за шанса за титулата во перолесна категорија. Ништо не е зацртано, но подготвен сум повторно да си го вратам појасот" – вели Волкановски.

Јасно е дека Волкановски силно го посакува мечот против Порие. Но, тоа ќе зависи и од тоа дали Порие ќе се пензионира во следните неколку месеци.

